**20111142675**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 49-г став 4 од Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10 и 53/11), министерот за финансии, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА ИЗВРШЕНИТЕ УСЛУГИ И ПОЧЕТНАТА ВИСИНА НА ЗАКУПНИНАТА НА ДЕЛОВНИОТ И РЕКЛАМНИОТ ПРОСТОР НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ ЗА ПАТЕН СООБРАЌАЈ

Член 1

Со овој правилник се пропишува висината на надоместоците за извршените услуги и почетната висина на закупнината на деловниот и рекламниот простор, влез и престој на царински терминали, растовар и утовар на стока на царинските терминали на граничните премини за патен сообраќај.

Член 2

За влез и престој на царински терминал, надвор од царинската постапка или по нејзиното завршување на граничните премини за патен сообраќај надоместокот изнесува:

| | |
|---|---|
| - До 1 час | 200,00 денари, |
| - До 3 часа | 400,00 денари, |
| - До 6 часа | 600,00 денари, |
| - До 24 часа | 1.000,00 денари, |
| - За секој 1 час над 24 часа | 50,00 денари. |

За мрежно напојување на трофазен приклучок надоместокот изнесува:

| | |
|---|---|
| - За 1 час | 200,00 денари. |

Почетна месечна закупнина за 1м$^2$ деловен простор за вршење дејност: платен промет, царинско застапување, осигурување на лица и возила, трговија на мало со храна и безалкохолни пијалоци на граничните премини за патен сообраќај изнесува:

1. За граничен премин за патен сообраќај: Блаце, Табановце, Деве Баир, Богородица и Ќафасан

| | |
|---|---|
| - За вкупна површина до 20м$^2$ | 900,00 денари, |
| - За вкупна површина до 20м$^2$ до 60м$^2$ | 600,00 денари, |
| - За вкупна површина над 60м$^2$ | 300,00 денари, |

2. За граничен премин за патен сообраќај: Меџитлија, Делчево, Ново Село и Стар Дојран

| | |
|---|---|
| - За вкупна површина до 20м$^2$ | 600,00 денари, |
| - За вкупна површина до 20м$^2$ до 60м$^2$ | 400,00 денари, |
| - За вкупна површина над 60м$^2$ | 200,00 денари, |

3. За граничен премин за патен сообраќај: Јажинце, Пелинце, Стење, Свети Наум и Блато

- За вкупна површина до 20м$^2$ 300,00 денари,
- За вкупна површина до 20м$^2$ до 60м$^2$ 200,00 денари,
- За вкупна површина над 60м$^2$ 100,00 денари.

Почетна месечна закупнина за 1м$^2$ деловен простор за вршење на угостителска дејност изнесува:

1. За граничен премин за патен сообраќај: Блаце, Табановце, Деве Баир, Богородица и Ќафасан

- За вкупна површина до 20м$^2$ 1.500,00 денари,
- За вкупна површина до 20м$^2$ до 60м$^2$ 1.200,00 денари,
- За вкупна површина од 60м$^2$ до 120м$^2$ 900,00 денари,
- За вкупна површина од 120м$^2$ до 200м$^2$ 600,00 денари,
- За вкупна површина од 200м$^2$ до 300м$^2$ 300,00 денари,

2. За граничен премин за патен сообраќај: Меџитлија, Делчево, Ново Село и Стар Дојран

- За вкупна површина до 20м$^2$ 900,00 денари,
- За вкупна површина до 20м$^2$ до 60м$^2$ 600,00 денари,
- За вкупна површина над 60м$^2$ 300,00 денари,

3. За граничен премин за патен сообраќај: Јажинце, Пелинце, Стење, Свети Наум и Блато

- За вкупна површина до 20м$^2$ 600,00 денари,
- За вкупна површина до 20м$^2$ до 60м$^2$ 400,00 денари,
- За вкупна површина над 60м$^2$ 200,00 денари.

Почетна месечна закупнина за една локација за поставување на рекламен простор на граничните премини за патен сообраќај изнесува:

1. За граничните премини за патен сообраќај Блаце, Табановце, Деве Баир, Богородица и Ќафасан

- За билборд со површина до 15 м$^2$ 8.000,00 денари,
- За рекламно пано со површина до 3 м$^2$ 1.600,00 денари,

2. За граничните премини за патен сообраќај Меџитлија, Делчево, Ново Село и Стар Дојран

- За билборд со површина до15 м$^2$ 6.000,00 денари,
- За рекламно пано со површина до 3 м$^2$ 1.200,00 денари,

3. За граничните премини за патен сообраќај Јажинце, Пелинце, Стење, Свети Наум и Блато

- За билборд со површина до 15 $м^2$ 3.000,00 денари,
- За рекламно пано со површина до 3 $м^2$ 600,00 денари.

Максимална висина за надоместок за растовар и утовар на стока на царинските терминали со виљушкар и потребни работници изнесува:

1. За утовар и истовар на стока за камион со приколка 5.000,00 денари,
2. За утовар и истовар на стоки за камион 2.500,00 денари,
3. За утовар и истовар на стоки за комби возило 1.500,00 денари.

Висината на надоместокот од став 1, 2, 3, 4, 5 и 6 од овој член е без пресметан данок на додадена вредност.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за висината на надоместоците за извршените услуги и почетната висина на закупнината на деловниот и рекламниот простор на граничните премини за патен сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ број 31/09, 129/09 и 137/10).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-25220/1
23 август 2011 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.